**756.**

Врз основа на член 21-а став 1 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15 и 7/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 10.2.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ НА ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ДАВАЊЕ ВО ЗАКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ ЗА ПОВРШИНИ НАД 3 ХЕКТАРИ ПО ПАТ НА ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Јавниот оглас за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање бр.02/16 со архивски бр.17-1303/1 од 2.2.2016 година распишан од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-1459/1
10 февруари 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

---

**757.**

Врз основа на член 21 став 1 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15 и 7/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 10.2.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ НА ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ДАВАЊЕ ВО ЗАКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ ЗА ПОВРШИНИ ДО 3 ХЕКТАРИ**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Јавниот оглас за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари бр.03/16 со архивски бр.17-1304/1 од 2.2.2016 година распишан од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-1462/1
10 февруари 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

---

**758.**

Врз основа на член 17 став 5 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија" бр.6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 10.2.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ФИНАНСИРАЊЕ, ИЗГРАДБА, СТОПАНИСУВАЊЕ И ПРЕНОС НА КАПАЦИТЕТИ ЗА ФЛАШИРАЊЕ НА ВОДА ЗА КОМЕРЦИЈАЛНИ ПОТРЕБИ**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, стопанисување и пренос на капацитети за флаширање на вода за комерцијални потреби бр.02-158/1-5/1 од 29.1.2016 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица" Кичево, на седницата, одржана на 29.1.2016 година.

2.Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-12148/1-15
10 февруари 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.